**UDC 339.543:343.359.3**

Naser Etemi[1]

# PUNONJËSI DOGANOR DHE ROLI I TIJ NË ZBULIMIN E VEPRAVE PENALE DOGANORE

# ЦАРИНСКИОТ РАБОТНИК И НЕГОВАТА УЛОГА ВО ОТКРИВАЊЕТО НА ЦАРИНСКИТЕ КАЗНЕНИ ДЕЛА

# THE CUSTOMS OFFICER AND HIS ROLE IN DETECTING CUSTOMS OFFENSES

**Abstract**

Besides the organizational structure of the Customs Administration, the customs system and good technical equipped much more depends on the skills, abilities and moral character of the customs officer. They are the only factor that can ensure consistency and efficiency of the application of positive customs regulations and customs procedures throughout the customs area. Customs control requires strength, enthusiasm, persistence, and constant desire for improvement, and the detecting of delicts requires alertness, vigilance and a constant state of readiness. The customs officer should fulfill certain conditions that help to be effective in detecting violations of customs and other regulations.

The customs officer should know his legal powers, to understand the terms of such law. The officer should have known that there ware legal authority to inspect and search under certain conditions, which means he needs to know who these conditions. Besides knowledge of customs regulations, the Customs Administration should be with technical personnel and well-prepared. Such activity can not be taken without solid training of customs officers. Professional training is required for all jobs, regardless of their complexity and responsibility. These conditions have to be fulfilled because a number of perpetrators of customs offenses give to much efforts in any way to avoid customs control. In addition to this Criminals act today much more organized by criminal organizations, especially in international criminal organizations.

All these requirements should be taken on consideration because numbers of customs offences from day to day are growing but in another side we have small numbers of detected acts. The paper will explain how much customs officer are taking part actively in detecting all customs offences.

*Keywords: customs, detect, customs officer, crime, criminal organization, perpetrators*

[1] Доц. д-р Насер Етеми, Прв Приватен Универзитет ФОН – Скопје, Факултет за детективи и безбедност.
Naser Etemi, Assistant Professor, FON University, Faculty for Detective and Security
email: naseretemi@fon.edu.mk, tel 075/569-270

## 1. Вовед

Царинските казнени дела претставуваат сложена општествена појава која се јавува во сите држави. Секоја држава инкриминира во своето позитивно законодавство одредени активности со кои се избегнува плаќање на царинските давачки, поради тоа им се дава карактер на општествено опасни, против кои извршувања се предвидува санкција. Државите создаваат посебни органи кои преземаат различни репресивни и превентивни мерки во борбата против јавните приходи. Овие органи овластени се да ги откриваат овие кривични дела и нивните извршители и против нив да поднесуваат кривични и други пријави и да преземаат други пропишани мерки. Извршителите на овие казнени дела се стручни лица или имаат и свои советници. Поради тоа службените лица кои работат на откривањето на овие казнени дела треба постојано да се усовршуваат со менување на правилата, изучување на начинот на извршување на овие дела и на друг начин.

## 2. Улогата на царинската служба во борбата против откривањето на царинските казнени дела

Во рамките на органите кои се занимаваат (а кои дејствуваат и превентивно) се наоѓа и царинската служба. Царинската служба е надлежна да го применува ЦЗ, ЗЦУ и другите закони кои се однесуваат на прометот на стоката и движењето на патниците кои и се дадени како надлежност. Со применување на законот и другите прописи Царинската управа дава голем придонес во откривањето на овој криминалитет.

Поради полесно разбирање на улогата на царинската служба во оваа област, нејзината активност во сузбивањето на овој криминалитет може да се подели на мерки кои непосредно се доаѓа во откривање на повреда на прописи и нејзините извршители, потоа мерки кои се синхронизираат во заедничко дејствување со другите надлежни органи и на крај улогата на царинската служба како банка на податоци кои можат да ни служат во расветлување на деликтни ситуации.[2] Кога се зборува за непосредните мерки на царинската контрола како стручен субјект на сузбивање на криминалитетот, сосема оправдано се поаѓа од мерките на царинскиот надзор. Тоа е широк дијапазон на различни мерки поради спроведување на царинската постапка. Тие мерки се однесуваат на прегледот и претресот кои се спроведуваат по пријавување на царинската стока без разлика дали стоката се пријавува писмено или уснено. На ваков начин се откриваат повредите на прописите при увоз или извоз на стоки како и повреда на прописите во претпријатијата кои се занимаваат со надворешно-трговското работење. Резултати на соодветната примена на овие мерки се откривање на криумчарено оружје, експлозив, наркотични средства, културни добра, акцизни стоки и стока за широка потрошувачка. Многу важен сегмент кој се однесува на активноста на царинската служба во

[2] Popadic V., Suzbijanje krijumcarenja, Ekonomika Beograd, 1989, стр. 20.

откривањето на овој криминалитет се состои во иницирањето на мерките меѓу контролата на граница и мерките кои се преземаат во внатрешноста на земјата и обратно. За службите кои се занимаваат со гонење на царинските казнени дела извор на корисни податоци даваат и евиденциите и другите податоци кои се наоѓаат во рамките на царинската служба (досиеја за увоз-извоз декларации, евиденции за царински прекршоци, централна листа на осомничени[3]).

Соочени со предизвиците на 21 век во борбата против транснационалниот организиран криминалитет, а со тоа и на царинскиот криминалитет како нејзин најзначаен составен дел ЦУ доби поактивна улога во обидот оваа служба да стане служба која ќе биде доволно цврста да се бори против царинскиот криминалитет во една демократска правна држава е и вклучување на РМ во европскиот систем на правда и внатрешни работи. Со Законот за ЦУ[4] и Законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка[5] во 2004 год. царинските службеници добија поголеми овластувања. Според овие измени овластувањата што ги има МВР во предистражната постапка и истрагата ги имаат и со закон овластените лица на ЦУ во случај на откривање на делата и прибирање докази заради гонење на сторителите на таксативно побројни дела (иста одредба е предвидена и во новиот Закон за кривичната постапка чл. 47).[6] Со овие измени царината се стекна со овластување да може да применува и посебните истражни мерки. Причината да се воведат новите овластувања може да се бараат во самата позиција што ја има ЦУ како државен орган, како и од нејзините функции кои ги извршува во спречувањето и откривањето на царинските кривични дела и прекршоци, како и

[3] Во март 2009 год. Царинската управа донесе Упатство за централна листа на осомничени, со кое се уредуваат надлежностите и одговорностите во ЦУ за подготовка и користење на податоците во централната листа на осомничени (ЦЛО) правни и физички лица и возила за кои оправдано се смет дека треба да им се посвети дополнително внимание при каква било царинска контрола. ЦЛО претставува алатка за помош на царинските службеници при вршење на контрола. Царинскиот службеник кој врши контрола може во секое време да побара од Одделението за координација и комуникација (ОКК) информација дали одредено лице или возило е ставено на ЦЛО. Доколку лицето или возилото е ставено на ЦЛО, царинскиот службеник ќе добие јасни насоки за активностите и мерките кои треба да ги преземе. Согласно со Упатството за централна листа на осомничени, во август 2009 год., е донесена Оперативна инструкција со која се пропишува начинот за користење на електронскиот систем - Централна листа на осомничени. Извештај за работата на ЦУ на РМ во 2009 год., април 2010 год.

[4] "Сл. Весник на РМ", бр. 46/04.

[5] "Сл. Весник на РМ", бр. 74/04. Член 145 пречистен текст бр. 15/2005.

[6] Овластувањата што ги има Министерството за внатрешни работи, во предистражната постапка и во истрагата, ги имаат и со закон овластените лица на ЦУ на РМ во случаите кога работат на откривање на кривични дела и нивни сторители и прибирање на докази заради кривично гонење на сторителите за кривичните дела: производство и пуштање во промет на штетни средства за лекување (член 212 од КЗ); производство и пуштање во промет штетни прехранбени и други производи (член 213 од КЗ); неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори (член 215 од КЗ); неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи (член 231 од КЗ); внесување опасни материи во земјата (член 232 од КЗ); изнесување, односно извезување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост (член 266 од КЗ); перење пари и други приноси од казниво дело (член 273 од КЗ); криумчарење (член 278 од КЗ); царинска измама (член 278а од КЗ); прикривање на стоки предмет на криумчарење и царинска измама (член 278б од КЗ); даночно затајување (член 279 од КЗ); недозволено држење оружје и распрскувачки материи (член 396 од КЗ); трговија со луѓе (член 481а од КЗ); кривични дела од членовите 59 и 60 на Законот за акцизи и други кривични дела поврзани со увоз, извоз и транзит на стоки преку граничната линија. "Сл. Весник на РМ", бр. 74/04. Член 145 пречистен текст бр. 15/2005.

повеќето други функции. Исто така, причина е и потребата од поголема ефикасност во соочувањето со овој вид на криминал, организираниот криминал и корупцијата. Токму од вакви причини законодавецот им дава посебни должности и овластувања што ги разликува од другите државни органи и институции што вршат јавни овластувања. Денес ова не е обична потреба за заштита од овие општествени закани, туку предуслов за напредок во процесот на евроинтеграцијата на РМ. Меѓутоа, ваквата позиција на ЦУ во државната структура покренува безброј други прашања за потенцијалната опасност од нарушување на основните права на поединецот, особено приватноста и слободата, како и капацитетот и способноста за примена на тие овластувања.

## 3. Улогата на царинскиот работник во откривањето на царинските казнени дела

Покрај организационата поставеност на ЦУ, царинскиот систем и добрата техничка опременост, многу зависи и од способност вештината и моралниот лик на царинскиот работник. Тие се и единствен фактор кои можат да обезбедат доследност и ефикасност на примената на позитивните царински прописи и царински процедури на целото царинско подрачје. Царинската контрола бара издржливост, ентузијазам, упорност и постојана желба за усовршување, а откривањето на деликтите бара и будност, внимателност и постојана состојба на подготвеност. Царинскиот работник треба да исполнува некои одредени услови кои му помагаат да биде ефикасен во откривањето на повредите на царинските и другите прописи.

### 3.1. Општи барања за професијата царински работник за вршење на царинската контрола и царинската служба

Познавање на царинските прописи е темелот од кои се поаѓа и на кои се потпира целокупната активност на цариникот. Цариникот треба да ги знае своите законски овластувања, да ги разбира поимите на законот пр. цариникот треба да знае дека има законски овластувања да врши преглед и претрес под одредени услови, што значи тој треба да знае кои се тие услови, или како се составува записник за преземената мерка и др. Познавање на прописите и совладување на материјата која се однесува на царинската контрола и царинење на стоката воопшто се важни предуслови за да се стекне психичка сигурност во способностите да поставуваат прашања, можноста на логичкото заклучување, запазување на детали, како и можноста на нивното поврзување во целисходен предмет на интересирање.

Покрај познавањето на царинските прописи царинската служба треба да биде кадровски и технички добро подготвена. Таквата дејност не може да се замисли без солидна стручна подготовка на цариниците. Стручната подготовка е потребна за сите работни места, без разлика на нивната сложеност и одговорност. Составен дел на стручната подготвеност на

цариниците е и познавањето на најмалку еден странски јазик. Цариникот е во комуникација со луѓе од различни говорни подрачја, треба да биде во состојба барем со патниците од земјите од соседството да комуницира без проблем бидејќи и податоците (од стр. ) покажуваат дека скоро половина од сторителите на кривичното дело криумчарење се лица од странство, поголем број од нив од соседството.

Цариникот треба да биде и психофизички здрав, дејноста на цариниците е поврзана со посебни напори и прекувремена работа, работата на граничните премини е поврзана со ноќна смена, работа во празници, надворешни тешки зимски и летни услови. За цариникот многу битно е да го знае профилот на царинскиот криминалец, неговото однесување, да ја познава конструкцијата на транспортното средство за криење на царинска стока, како да врши претрес, примената на современата техничка опрема и др.

Целокупното постапување на цариникот треба да биде методично, заснован на изграден систем на контрола. Ако се работи без план, нерационално се користи времето, постапката се одвива неорганизирано и спонтано, не се знае на кое транспортно средство или на кој патник треба да и се обрнува внимание, се занимава со тоа што не е битно. Брза и правилна одлука и непосредна проверка во случај на сомнение се најдобра гаранција за успех. Оперативноста дејствува изненадувачки кај извршителот на казненото дело, го деконцентрира, шокира, онеспособува за преземање на натамошни мерки за одбегнување на одговорноста.[7] Цариникот треба да биде упорен во обидот за откривање на сторителот на незаконското дело. Целата постапка на откривање треба да биде објективна и да се настојува да се доаѓа до материјалната вистина, со невнесување ништо што е лично. Цариникот треба да биде дискретен во неговата работа, кооперативен со другите надлежни органи.

Едно од основните барања во секоја професија така и во царинска професија е човекот кој се определил да има љубов кон таа професија и истражувањата покажаа дека луѓето кои ја сакаат избраната професија покажуваат подобри резултати. Тој треба да поседува позитивни карактерни црти (искреност, доследност, самокритичност, стрпливост и др.), да биде формирана морална личност, треба да води сметка за својот углед и статус и да ги контролира своите емоционални реакции.

Многу е битен првиот впечаток кој се добива за цариникот. Овој контакт го одредува и ставот на патникот во натамошната процедура. Поради тоа првиот контакт треба да биде одраз на сите способности и склоности на цариникот. На лицата кои ја поминуваат царинската линија долго им останува во сеќавање однесувањето и ликот на цариникот. Поради тоа, цариникот треба да биде чист, да се грижи за изгледот на униформата и прописно да ја носи, со што порепрезентативно би изгледал. Ако почетокот на односот се воспоставува со “Добар ден царинска контрола“ со тонот на добредојде се почнува со изградување на позитивна претстава

---

[7] Popadic V., Suzbijanje krijumcarenja, Ekonomika, Beograd, 1989, стр. 33-34.

за царинската служба и земјата. Коректен и културен начин на однесување на цариникот кој врши контрола влијае врз исчезнување на предрасуди.[8]

Чувството за одговорност не значи само извршување на одредени конкретни задачи кои по обем и време се ограничени. Тоа е наједноставниот дел на одговорноста. Повеќе од тоа, значи широко разбирање на другите прашања кои ја претставуваат суштинската царинска контрола и кои никогаш не можат однапред точно и конкретно да се прецизираат и одредуваат во простор и време. Не е доволно само од формален аспект да се исполнуваат сите предуслови за контрола, пр. не е доволно само механички да се поставува прашање на тие што ја поминуваат царинската линија и без никакви индикации или основи да се врши рутински преглед на багажот. Не се исполнува одговорноста со само внесување на податоците во електронскиот систем, туку неопходно е да се заинтересираме и за движењето на таа увезена стока со цел за остварување на можноста за евентуална контрола на наменската корист на таа стока.

Во интензивната повеќечасовна работа на контрола на патничкиот промет будноста не смее ниту еден момент да биде ставена на втор план. Доволно е да поминат пет минути (само за да се испие едно кафе) и тие минути да бидат тие критички минути. За успешна контрола потребно е цариникот треба да поседува голема сила на перципирање и добра меморија. Цариникот треба да има добри меѓучовечки односи. Треба да биде во добри односи со претпоставениот, бидејќи тој е авторитет кој треба да помогне со совети а не да бара само конечен ефект на работа, кај подредените се кумулира чувство на намалени вредности, што предизвикува несигурност и несолидно вршење на работата.

Во контактот со лицата кои ја поминуваат царинската линија цариникот треба да се чува од претераната интимност. Треба да се настојува да се задоволуваат причините за извршената контрола и таков став за да го чувствува и лицето кое ја преминува царинската линија. Кај патникот не треба да се предизвикува револт. Недозволено е грубото однесување и лажни ветувања, како и покажување на своите лични чувства. Не треба да се прифати употребата на жаргонот на патникот бидејќи се деградира службената позиција на цариникот.[9] Цариникот е во постојан контакт со различни категории на граѓани, од богаташи, познати личности се до најопасни криминалци, поради тоа треба да ги избегнува обидите за негово корумпирање и други злоупотреби.[10] Со цел за цариниците да ги тераат на соработка криминалците често искористуваат различни методи, меѓу кои и употреба на заводнички, кои за малку парични средства ја исполнуваат својата задача.

Цариникот во извршувањето на својата работа нема место за грешки. Грешките (сторени свесно или несвесно) стануваат мамка за лицата кои се наклонети да ја наведат

---

[8] Mijovic M., Prirucnik, osnovi psihologija i osnovi kriminalistike za carinske radnike, Savezna uprava carina, Beograd, 1990, стр. 117.
[9] Ибид., стр. 119.
[10] Ибид., стр. 121.

цариникот постапката да ја извршат на недозволен начин. Вистинското утврдување на сите факти е најзначајната задача на царинската контрола и истовремено најефикасна превентивна мерка против различни форми на злоупотреби. Затоа потребна е постојана будност на цариникот. Во настојувањето цариниците да се доведат во ситуација да ја злоупотребат службената положба се активираат професионални царински деликвенти. Тие ја проучуваат склоноста и способноста на секој цариник кој работи во гранична или внатрешна испостава. Нивна цел е што поуспешно да ја совладаат царинската пречка, затоа нивна цел е да се запознаат со цариници, да ги откријат нивните слабости и на одреден момент да го искористат тоа. Тоа почнува со мали евтини подароци. Значајно за царинскиот деликвент е да го доведе цариникот во ситуација да соработува со него или одговорност според позитивните законски прописи. Тогаш цариникот е во нивни раце, бидејќи се плаши од дотогашните незаконски преземените дејствија. Затоа, за цариникот битно е да врши диференција на лица кои сакаат со него да се спријателат. Природен и коректен став на цариникот ќе му помогне во обидите на одредени лица кои со одредени намери сакаат да воспостават контакт, да отстапат од нивните цели и да се обидат целите да ги остварат кај други лица или места. Несакана ситуација би имале тогаш кога цариникот кој после царинење на одредена стока би зел дури и најмала количина на стока.[11] Таквата работа му нанесува голема непроценлива штета на угледот на службата, затоа треба сите понуди да се одбиваат. Достоинствен и одмерен став нема да го навреди поклонодавецот, туку кај него ќе предизвика поголем респект и почитување.

Цариникот треба да биде мирен, непредвидени ситуации се многу, непочитувањето на патникот со зборови и гестови не само што го деградира патникот, туку и го дисквалификува и цариникот како службено лице. И во ситуација кога се фатени лица при вршење или вршеле дури и најтешки царински дела, коректниот однос спрема извршителот може да го придобие сторителот за соработка во натамошната постапка.

## 4. Царинската контрола и откривањето на царинските деликти

Субјектите кои учествуваат во царинската постапка не се имуни од злоупотреба на царинските прописи во меѓународното движење на луѓе и стоки. За цариникот да ги открие тие злоупотреби треба да има одреден план и методи со кои се одредува правецот, начинот, видот и обемот на активноста кои треба да доведат до откривање на постоењето на казненото дело, обезбедување на докази како и откривање на сторителот.

*Откривање на постоење на царинско казнено дело* - често во практиката се доаѓа до ситуација цариниците да бидат во дилема дали постои повреда на царинските прописи или не, дали постојат околностите врз основа на кои може да се покрене казнената постапка. Обично во криминалистиката се истакнуваат девет златни правила. За царинските органи најбитно е да

[11] Ваквите ситуации се честа практика. Интервју со виш цариник.

расветлуваат што се случило, кој е сторителот на делот, кога е сторено делото, каде што е извршена криминалната дејност и со каква намера е сторена. Одговор на првото прашање се однесува на повредата на царинските прописи кои со одредбите на ЦЗ и ЗЦУ и КЗ се предвидени како прекршоци и кривични дела и за кои дела се предвидени казни. Пред сѐ, треба настанот кој се случи да се гледа од призма на важечките закони. Треба да се утврди времето на извршување на делото бидејќи сите настани во практичниот живот се извршени во временски интервал. Ова е значајно бидејќи се утврдува правото на гонење и застареност на делото,[12] утврдување на законските одредби кои ќе се применат на конкретната прекршочна ситуација,[13] влијае врз одлуката на водењето на казнената постапка кога се во прашање малолетниците и др. Местото на сторување на деликтот е обележје на царинските казнени дела, пренесување на стоките преку царинската линија, значи со поминување со прикриена стока како преку легален царински премин така и во кое било друго место низ царинската линија. Без утврдување на местото не може да се дава класификација за царинско казнено дело. Ова е битно и од аспект на процесното право бидејќи местото на водење на царинската постапка се утврдува според местото на сторување на делото. Цариникот треба да го утврди и начинот на извршување кое има знаење за одредување на квалификацијата на делото и утврдувањето на казната.

Досегашната царинска практика покажа дека за решавање на многу проблеми корисни се само оние знаења кои цариниците се спремни да ги применуваат и да ги прилагодат во дадената ситуација. Ако искуството така се применува, ако откриените деликти се решаваат на рутински начин, често нема да се исполнуваат задачите на царинската контрола, откривањето ќе биде малку успешно.[14]

*Обезбедување на докази* – доказните средства кои се користат во кривичната и прекршочната постапка можат да бидат материјални (стока, документи и др.) и лични (изјави на сведоци, изјави на лица). Собирањето и чувањето на доказите претставува една од значајните задачи на царинската контрола во откривањето на царинските казнени дела. Доказни средства во казнената постапка можат да бидат сите документи кои ја следат стоката или се однесуваат на таа сотка. Можат да бидат средства кои може да ги обезбеди цариникот кој го открил казненото дело (траги, записник за прекршокот, скица, фотографија), или докази кои можат да се собираат на граничен премин (различни царински документи, исправи кои ја следат стоката, преписки, договори, фактури, писма и др.).

*Откривањето на сторителот на царинските казнени дела*. Не е доволно само постоење на основано сомнение само во поглед на извршувањето на кривичното дело туку е

[12] Прекршување на царинските прописи во внатрешноста на земјата, времето на извршување на делото може да биде врзано со времето на преминувањето на стоката преку царинската линија.
[13] За РМ каде што често се менуваат прописите оваа околност многу е значајна, ќе се применува законот кој е најповолен за сторителот на делото.
[14] Popadic V., Suzbijanje krijumcarenja, Ekonomika Beograd, 1989, стр. 44.

потребно и основано сомнение дека одредено лице е негов сторител. Тоа е разликата меѓу откривањето кривично дело и откривањето сторител, иако истовремено сме свесни дека тие прават неразделен систем.

Методите кои ги користат цариниците за откривање на сторителите на царинските казнени дела се различни, најчесто ги користат методот на разговор и методот на набљудување. Тоа е процес кој не може да се одвојува, така истовремено врз основа на разговор набљудување се донесува одлука за преземање на натамошни законски мерки за откривање на сторителот.[15] Овој метод е значаен во првата фаза на контактот со патниците. Патниците кои во нивниот багаж имаат стока за царинење, но немаат намера да ја пријават или сè уште се двоумат дали да ја пријават или не, се наоѓаат во физичка напнатост, таа напнатост достигнува кулминација во моментот на соочување со цариникот, со моментот на поздравување и прашање за тоа дали има нешто да пријави или не. Во тој момент се води вистинска психолошка битка меѓу цариникот на една страна и деликвентот на друга страна.[16] Цариникот е во ситуација да ги користи сите предности на оваа фрустрација. Цариникот треба реченицата “дали имате да пријавите“ треба да го изговара одлично, јасно и точно, и од начинот на интонацијата на поставуваното прашање се познава непоколебливоста секое илегално пренесување на стока да биде казнето. Тоа значи дека од настапот на цариникот не треба да се гледа страв, нечовечност, недобредојденост, туку треба да биде коректно во ниво на култура со високо професионализам.

Во тактиката за откривање на царински деликвенти цариниците често треба брзо да донесат одлуки. Бројот на лицата кои ја преминуваат царинската линија често варира, е нерамномерно во текот на денот, неделата, месецот. Вообичаено прометот е поинтензивен во попладневните часови, во текот на неделата во петок и сабота и недела, а поголемо движење имаме во текот на празниците и туристичката сезона. Во вакви времиња иако е зголемен бројот на цариниците сепак, времето на големиот ризик по правило трае околу 30 секунди, тоа е време на непосредната конфронтација на цариникот и патникот.[17] Често, царинските деликвенти се вклопуваат во овие големи гужви, со што на цариниците им се намалуваат можностите да ги откријат.

На лицето кое ја преминува царинската линија треба да му се овозможи да ги пријави предметите што ги носи со себе. Од кога ќе ги пријави стоките или ќе даде некоја изјава настапуваат проверките на изјавата или стоката со цел за откривање евентуално некое казниво дело. Најголем број на откриени повреди на царинските прописи кои ги сториле физичките лица се откриени на граничните премини. Таквите резултати имаат големо значење, економично е бидејќи трошоците на општеството за нивно откривање се минимални, делото е

---

[15] Popadic V., Suzbijanje krijumcarenja, Ekonomika Beograd, 1989, стр. 47.
[16] Radosvljevic D., Neki psiholoski faktori uspesnijeg otkrivanja carinskih prekrsaja, Savezna uprava carina, 1970.
[17] Popadic V., Suzbijanje krijumcarenja, Ekonomika, Beograd, 1989, стр. 49.

сторено но не настапиле последиците.[18] Успешното откривање на сторителот на повредите на царинските прописи на граница има превентивен карактер. Меѓутоа познато е дека не секој деликт со елемент од меѓународен карактер се открива на граница. Сепак се смета дека бројот на откриените на овие дела е многу мал во споредба со нивниот број. Царинската служба настојува да биде успешна во напорите за откривањето на царински и други казнени дела, со применување на други методи на контрола (примена на специјалните истражни мерки, длабинска контрола и др.).

### Conclusions

Knowing of regulations and dealing with the problem of customs control and clearance of goods in general are important prerequisites to get physical security capabilities to act. Despite knowledge of customs regulations customs administration should be human and technical well prepared. Such activity can not be imagined without solid professional training of customs officers for all jobs positions, regardless of their complexity and responsibility. An integral part of the qualification of customs officers is the knowledge of at least one foreign language. Customs Administration of Republic of Macedonia should accordingly use a method of selectivity (risk analysis) as a general policy in order to deal with contemporary challenges of customs operations.

## Користена литература


1. Mijovic M., Prirucnik, osnovi psihologija i osnovi kriminalistike za carinske radnike, Savezna uprava carina, Beograd, 1990.
2. Popadic V., Suzbijanje krijumcarenja, Ekonomika Beograd, 1989.
3. Radosavljevic D., Neki psiholoski faktori uspesnijeg otkrivanja carinskih prekrsaja, Savezna uprava carina, 1970.


[18] Ибид. стр. 51.